**СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА**

**Република Македонија во Индексот на економска**
**слобода во светот и Европа**

**13ти јануари, 2009 година**

# Република Македонија има 61,2% економска слобода

## Позиција во светот: 78-ма од 183 земји

Регионална позиција во Европа : 33-та од 43 земји

Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД ја има честа да го објави Индексот на економска слобода за 2009 година. Индексот е подготвен од Фондацијата Херитиџ а Институтот ОХРИД како партнер на Херитиџ фондацијата ја преведе и објави анализата за Република Македонија.




Веќе 15 години Вол Стрит Журнал и Фондацијата Херитиџ ја оценуваат и мерат наклонетоста кон слободниот пазарен капитализам на земјите во светот и Европа во "Индексот за економска слобода". Фондацијата Херитиџ е конзервативен тинк-тенк со седиште во Вашингтон, САД. Фондацијата Херитиџ е основана во 1978 година и е доста влијателна во политичките кругови на САД. Мисијата на фондацијата е да се формулираат и промовираат конзервативните јавни политики базирани на принципите на слободни претпријатија, индивидуална слобода, традиционални вредности и силна национална одбрана.

Индексот за 2009 година, објавен оваа недела овозможува силни докази за поврзаноста на слободата на економијата сп растот и просперитетот на државите во светот. Економската слобода воедно претставува предуслов за политичка слобода, имено колку поголема е економската слобода толку поголем ќе биде и економскиот раст и развој.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk

Оваа година за прв пат Индексот ја поврзува економската слобода заедно со други важни општествени вредности како намалување на сиромаштијата, човечкиот развој, политичка слобода и заштита на средината.

Покривајќи 183 земји во 10 посебни полиња, Индексот на економска слобода за 2009 година, го следи значењето на економската слобода за просперитетот на државите. Д-р Ед Фулнер, Претседател на Фондацијата Херитиџ и Американскиот Амбасадор г-дин Тери Милер, директор на Центарот за меѓународна трговија и економија кој воедно е и уредник на Индексот на економска слобода 2009 ги објавија овогодинешните резултати во Хонг Конг, кој веќе неколку години е и лидер во Индексот на глобалната класификација за економска слобода. Индексот нуди временски прецизна формула за постојан развој.

Во однос на економската состојба Македонија има 61,2%, што ја прави делумно слободна. Местото на Република Македонија во индексот за 2009 година е 78 – мо од 183 земји. Местото на табелата остана скоро непроменето од минатата година, притоа резултирајќи со опаѓање на бизнис слободата со што компензира со подобрување на слободата од корупција. Македонија е рангирана на 33 - тото место од 43 земји во Европа и регионот.

Трансформацијата на македонската економија во пазарна економија сеуште продолжува. Во последните години, земјата постигна стабилен годишен пораст од околу 3%. Македонија покажува висок степен на пазарна трговија, фискална слобода и монетарна слобода. Стапките на персоналниот и корпоративниот данок на доход се доста конкурентни, и монетарната стабилност е релативно добро задржана. Со својата просечна царинска такса и нецаринска бариера, Македонија е генерално отворена за глобална трговија.

Но на Македонија и недостасува институционален капацитет за заштита на правата на сопственост и за борбата против корупцијата.
Со тоа креирањето на средина која е вистински корисна за динамичен економски пораст останува предизвик.

Водечката позиција и оваа година ја задржа Хонг Конг, кој е оценет со 90 поени, следат Сингапур (87,1), Австралија (82,6), Ирска (82,2) и Нов Зеланд (82).

Од земјите од регионот, најдобро е оценета Бугарија, која е рангирана на 56 место. Следат Албанија (62), Словенија (68), Македонија (78), Грција (81), Црна Гора (94), Србија (109), Хрватска (116) и Босна и Херцеговина, која се најде на 134 место.

Во истражувањето Македонија доби многу високи оценки за фискалната (89,4) монетарната (85,4), и слободата на тргување (81,6). Ниски оценки, кои значат лоши сигнали за бизнис, Македонија доби во делот на заштита на сопственоста (30) и степенот на корупцијата (33). Средни оценки државата доби во категориите: слобода за инвестициите (50), водење на бизнис (58,2) работничките права (59,8), финансиска слобода (60) и економското работење на

владата (65,2). Од анализите може да се види дека генерално Република Македонија има поголема економска слобода од Грција, посебно во делот на фискалната слобода каде има за 20,5% повеќе од Грција. Со посебна анализа може да се забележи дека Република Македонија има поголема слобода во делот на трговска слобода, големина на влада, монетарна слобода и финансиска слобода.

На дното на листата се Еритреја, Бурма, Куба, Зимбабве, а Северна Кореја е државата каде економската слобода е најмала во светот.

Податоци за економската слобода во Република Македонија во текот на 8 години:

| **Година** | 2009 | 2008 | 2007 | 2006 | 2005 | 2004 | 2003 | 2002 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Македонија** | 61.2 % | 61.1% | 60.6% | 59.2% | 56.1 % | 56.8 % | 60.1% | 58.0% |

Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД од своето оформување го следи овој Индекс и го прати местото на Република Македонија во светската, европската и регионалната калсификација. Македонија има направено значителен прогрес во однос на економската слобода и поединечно во сите области.

*"Измерените податоци во Индексот на Економска слобода во рок од 15 години треба да ги поттикнат реформерите на секаде низ светот. Јасно е дека чекорите за подобрување на економското достигнување се достапни за сите земји во сите етапи на развојот. Се започнува со основното: слобода од корупција и почит спрема правата на сопственост. Во овие две категории најсиромашните земји се позиционираат многу пониско од светскиот просек. Најбогатите земји треба да обрнат посебно внимание на обемот на владата и даночните стапки. Прераспределбата на предизвиците и искушенијата на утопискиот социјализам го убиваат економскиот развој. Сите земји треба да осигураат регулаторна средина во која бизнисмените и работниците ќе имаат право на слободна конкуренција на ниво на поле за натпревар. Тие треба да одржат реални и стабилни валутни нивоа и ниска инфлација на трговија и инвестиција која ќе осигура развој и иновација. Економската слобода не е план или идеологија. Сепак, претставува антитеза на централното планирање и владина контрола. Економската слобода е закана само за посебните привилегии и интереси. Таа претставува револуционерен економски дупликат на демократскиот политички плурализам. Им дава моќ на сиромашните и ја гради средната класа."*

Н.Е. Тери Милер, Американски амбасадор
Уредник, „Индекс на економска слобода 2009– 15 годишнина"
Директор, Центар за меѓународна трговија и економија, Фондација Херитиџ

* * *

Мисијата на Институтот ОХРИД е да им обезбеди на македонската јавност и на политичките институции алтернативни перспективи за прашањата од областа на економијата и надворешната политика, за постигнување на слободно, правично и просперитетно општество. Работата на Институтот ОХРИД се базира на универзалните идеали на демократија, индивидуална одговорност, слободна пазарна економија и претприемништво.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk